# ОДГОВОР

## на забелешки од Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – оцена на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз на Град Скопје

На Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – оцена на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз на Град Скопје, добиени се забелешки од :

- министерот на Министерството за транспорт и врски под број 07 – 3912/2 од 15.04.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17 – 337/3 од 18.04.2011 година и
- директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје – Скопје, без архивски број од 15.04.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17 – 337/2 од 15.04.2011 година.

Нацрт извештајот до субјектите е доставен на 16.03.2011 година и се однесува на извршена ревизија на успешност за оценка на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз на Град Скопје.

Забелешките на субјектите и одговорите на Државниот завод за ревизија се изнесени со цел обезбедување објективност и почитување на ставовите на двете институции.

**Одговор на Државниот завод за ревизија по забелешките на Министерството за транспорт и врски**

Забелешките на министерот на Министерството за транспорт и врски се однесуваат на поглавјата: Резиме на резултатите, Основни податоци и Ревизорски наоди и се во насока на побивање на наодите искажани во Нацрт извештајот но и укажување за превземени активности од страна на Министерството за транспорт и врски од период на завршување на ревизијата до периодот на доставување на забелешки, 15.04.2011 година.

Забелешките на министерот се фокусираат на следните прашања од Нацрт извештајот:

Во поглавјето **Резиме на резултатите**, забелешката на министерот што се однесува на Писмото за работна средба број 13-222/5 од 26.04.2010 година од Главниот државен ревизор доставено до министерството **не се прифаќа**. Имено писмото е доставено со цел стекнување на првични сознанија поврзани со темата - Оценка на ризици и можности за подобрување на јавниот превоз во Град Скопје како и обезбедување на потребни информации неопходни за планирање на ревизијата, изготвување на предлогот за вршење на ревизија како и утврдување на ревизорските цели. Оттука произлегува дека темата на ревизија не може да се поистоветува со утврдената ревизорска цел која е резултат на прелиминарни истражувања. Државниот завод за ревизија доставува писма за работни средби до сите субјекти кои имаат надлежности и допирни точки по однос на предметната материја од различни аспекти по истиот основ за обезбедување на потребни информации со цел стекнување на првични сознанија поврзани со темата.

Во поглавјето **Основни податоци** упатена е забелешка по однос на надлежноста на Министерството за транспорт и врски. Истата е наведена во поглавјето Основни податоци согласно предвидените надлежности во член 27 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ „ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10), според кој „ Министерството за транспорт и врски ги врши работите што се однесуваат на патниот сообраќај и патната инфраструктура„ и истото претставува една од надлежностите на министерството. Оттука реченицата на страна 15 е извадок од законската регулатива со која се уредуваат организацијата, надлежностите и работите на органите на државната управа и истата **ќе биде допрецизирана** во Конечниот извештај. Напомнуваме дека во Националната транспортна стратегија (НТС) е прецизирано дека Министерството за транспорт и врски е институција надлежна за транспортната политика во земјата, односно употребена е терминологија која упатува на сеопфатност на надлежностите.

Во истото поглавје Основни податоци, министерот дава информација за превземените активности и мерки на министерството до 15.04.2011 година, за текот на подготовка на Студијата за сообраќајниот систем на Град Скопје со идејни проекти за сообраќајниците булевар „Св. Климент Охридски и подземната сообраќајница до Соборниот храм до Комплексот банки. Во однос на овие појаснувања **ќе се изврши дополнување** на тестот и истиот ќе биде интегрален дел на Конечниот извештај.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________ ____________________________
2. ______________

Во поглавјето **Ревизорски наоди**, забелешките на министерот упатуваат на тоа дека имплементацијата на целите од НТС се врши преку нејзино ажурирање со воведување на колона Статус на реализација во 2009 година во Акциониот план кој е составен дел на НТС.

Во точка 1.2. од Нацрт извештајот разграничени се активностите ажурирање на НТС и мониторинг, односно следење на имплементација на целите од НТС – Урбан транспорт, особено што во Извадокот од нацрт-записникот на Влада на РМ од 151 седница бр.51-2028/1, во април 2010 година Владата на РМ го задолжува Министерството за транспорт и врски да достави Информација во која ќе информира за степенот на имплементација на целите предвидени во НТС (2007-2017). Во прилог на споменатото, за време на вршење на ревизијата на наше укажување, Министерството за транспорт и врски покажа позитивен став и започна со активности за спроведување мониторинг над имплементација на НТС-урбан транспорт и воопшто на другите цели, односно министерството донесе решение за формирање на работна група за следење на имплементацијата и ажурирање на НТС од 08.10.2010 година, Акционен план за утврдување на степен на реализација на целите предвидени во НТС и измена на Решението за формирање на работна група од 28.01.2011 година (истите ни се дадени во прилог по завршната средба). Во прилог на споменатите состојби забелешката **не се прифаќа**. Министерството за транспорт и врски за време на вршење на ревизијата не достави податоци со постигнати резултати од имплементација на целите предвидени во НТС од причина што според одговорните лица во министерството, до период на вршење на ревизијата не бил воспоставен систем на повратни информации од страна на локалната самоуправа со цел полесно спроведување на мониторинг а со тоа и постигнатите резултати од имплементација на НТС.

Во однос на **точките 1.5.** и **1.7** од поглавјето **Ревизорски наоди,** забелешките генерално не се однесуваат во насока на побивање или спорење на наодите искажани во Нацрт извештајот, туку се објаснувања за превземените активности по однос на наодите од споменатите точки. По однос на **точката 1.5.** објаснувањата на министерот се во насока на превземени активности од страна на министерството во делот на измени и дополни на Законот за превоз во патниот сообраќај (превземените активности на министерството се споменати во **точката 1.5.** од нацрт ревизорскиот извештај по доставување на поткрепувачка документација од министерството).

| | |
|---|---|
| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
| 1. ______________ | ____________________________ |
| 2. ______________ | |

Што се однесува на забелешката на **точката 1.7**. објаснувањата на министерот се во врска со превземените активности за приемот и преносот на сопственост на новите автобуси –последен пасус од наодот. Забелешката **се прифаќа,** во насока на дополнување на последниот пасус од ревизорскиот наод.

Забелешките на Нацрт ревизорскиот извештај даден од министерот за транспорт и врски и објаснувањата се разгледани и е оценето следното:

- забелешките по поглавјата, Основни податоци и ревизорски наоди, точка 1.7., содржат елементи за измена - дополнување или допрецизирање на состојбите искажани во Нацрт извештајот,
- останатите забелешки не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот и затоа формулациите по одредени состојби во иста форма остануваат и во Конечниот извештај.

**Одговор на Државниот завод за ревизија по забелешките на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје – Скопје (ЈСП)**

Забелешките на директорот на ЈСП се по однос на поглавјата Резиме на резултатите, Основни податоци и Ревизорски наоди и се однесуваат делумно во насока на побивање/спорење на наодите искажани во Нацрт извештајот, додека делумно се укажување за превземени активности од период на завршување на ревизијата како и објаснувања за воспоставени пракси во работењето на ЈСП. Директорот на ЈСП во доставените забелешки се фокусира на прашања кои се констатирани во Нацрт извештајот, но и на состојби за кои не се повикува на поглавја или точки од поглавја во Нацрт извештајот и тоа:

**Точка 1** од забелешките се однесува на поглавјето Основни податоци, односно на Одлуката за јавен градски и меѓуопштински (приградски) превоз на патници во Град Скопје и Меморандум за разбирање меѓу Градот Скопје и приватните превозници. Истата **се прифаќа делумно,** Одлуката ќе биде внесена во поглавјето Основни податоци, додека Меморандумот за разбирање ќе остане во списокот на акти кои се значајни за дејноста, односно **не се прифаќа** бидејќи опфатот на ревизијата се однесува за период 2009-2010 година.

**Точка 2** од забелешките се однесува на појаснување од страна на директорот на ЈСП за постоење на неусогласеност на законската регулатива помеѓу Законот за јавни претпријатија и Законот за превоз во патниот сообраќај. Истата **не се**

**прифаќа,** бидејќи забелешката не е прецизирана односно не се повикува на поглавја или точки од Нацрт извештајот.

**Точка 3** од забелешките **се прифаќа** односно во набројувањето на надлежните институции во РМ за подобрување на Јавниот градски превоз ќе се додаде и Министерство за внатрешни работи, истото е споменато во поглавјето Ревизорски наоди во точка 3.9.

**Точка 4** од забелешките на директорот на ЈСП се однесува на поглавјето Основни податоци и истата **се прифаќа**. За укинување на Службата (центар за исхрана) доставен е и прилог - Одлука за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈСП Скопје.

**Точка 5** од забелешките **не се прифаќа**, од причина што е дадена информација на директорот на ЈСП Скопје до ревизијата без поткрепувачка документација за адаптација на возилата (30+12) ново адаптирани во однос на прикажани 12 за кои ревизијата располага со документација.

**Точка 6** од забелешките на директорот на ЈСП Скопје **се прифаќа**. Во првиот пасус од ревизорскиот наод 2.1. стои „изводи од лиценци„ но во следниот пасус технички е изоставен зборот „извод„

**Точка 7** од забелешките на директорот на ЈСП Скопје **не се прифаќа**, од причина што е дадено само појаснување дека новиот Правилник за систематизација на работните места во ЈСП Скопје е донесен и во него е предвиден број на извршители по работни места кој до ревизијата не е доставен како дополнителен доказ.

**Точка 8** од забелешките на директорот на ЈСП Скопје **не се прифаќа**, од причина што во поглавјето Ревизорски наоди точката 3.6. се однесува на ЈПП за автобуски стојалишта. Во фуснота под самиот наод е наведена законската регулатива според која е постапено, односно тоа е истиот закон наведен во забелешката под точка 8.

**Точка 9** од забелешките на директорот на ЈСП Скопје **не се прифаќа**, од причина што во поглавјето Ревизорски наоди во точка 3.11., насоката и целта во наодот е број на лица кои се ангажираат преку АПВ во однос на актот за систематизација кој не проектира работни места по број на лица и целта од нивното ангажирање за период 2009-2010година.

**Точка 10** од забелешките **се прифаќа во насока на дополнување** на образложението на ревизорот точка 3.12 од поглавјето Ревизорски наоди од Нацрт

извештајот во последниот пасус, со објаснување дека во фазата на известување донесени се измени и дополнувања на Законот за превоз во платниот сообраќај („Сл. весник на РМ„ бр.17 од 11.02.2011 година и бр.53 од 14.04.2011 година).

**Точките 11, 12 и 13** не претставуваат забелешки туку коментар на утврдените состојби во Нацрт извештајот.

**Точка 14** од забелешките на директорот на ЈСП **не се прифаќа**. Условите за гаражирање се споменати во поглавјето Резиме на резултатите, и истите се опфатени во поглавјето ревизорски наоди точка 3.1. Од страна на ЈСП не е доставена прилог поткрепувачка документација (проценка/студија) за доволноста на гаражен простор и висина на гаражи особено за двоспратни автобуси.

**Точка 15** од забелешките се појаснувања на директорот на ЈСП за превземени активности (обука на возачи, склучен договор за сервисирање). Истата е опфатена во наодот 3.1. .

**Точка 16** од забелешките **не се прифаќа**, истата е појаснување на состојбите со гаражниот простор на ЈСП и превземени мерки за нивно преадаптирање во претпоставен временски рок.

**Точка 17** од забелешките на директорот на ЈСП се однесува на препораката број 5 од Нацрт извештајот и истата **не се прифаќа** за што го даваме следното појаснување: препораката се однесува конкретно на субвенционирање на јавниот превоз за бенефицирани групи на патници – бесплатен превоз на сите возрасни лица (над 62 години за жени и над 64 години за мажи) да се темели на анализи, пресметки, и податоци, а не се однесува на севкупното субвенционирање на работењето на претпријатието како што е наведено во забелешката. ЈСП до ревизијата во прилог достави поткрепувачка документација барања за субвенции по години наназад до Градот Скопје, додека за конкретната субвенција – бесплатен превоз доставена е калкулација на трошоци без прилог поткрепувачка документација дека истата со барање е доставена до Град Скопје. Во поглавјето Ревизорски наоди точка 2.3. е дадено образложение од кое произлегува и препораката предмет на забелешка на ЈСП Скопје.

**Точките 18, 19, 20, 21** не претставуваат забелешки туку коментар на утврдените состојби во Нацрт извештајот истите се објаснувања и информации за субвенционирањето на ЈСП.

---

| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
|---|---|
| 1. _____________ | __________________________ |
| 2. ______________ | |

**Точка 22** се однесува на Прилог 2 – Примери за стандарди и оценка, истите се појаснувања за начинот на искажување на резултати од страна на ЈСП до надлежните институции и немаат карактер на забелешка.

Особено се релевантни констатациите на директорот на ЈСП во **точка 25** од забелешките, за воочените слабости при што е потенцирана транспарентноста на евиденцијата и извештаите само на ЈСП Скопје и се додава следното: „ниту градот ниту државата не добиваат целосна збирна евиденција на остварениот обем на превозни услуги и финансиски резултати во јавниот превоз во градот, што ќе претставува база на податоци за понатамошни анализи, стратегии и студии за унапредување на јавниот превоз. „Ова е уште еден показател за хаосот и несреденоста кои со години владеат во јавниот превоз во градот и отсуството на сеопфатна сообраќајна стратегија во овој значаен сегмент од неговото живеење, констатира директорот на ЈСП Скопје

Забелешките на Нацрт ревизорскиот извештај дадени од директорот на ЈСП Скопје, се разгледани и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополна на состојбите искажани во Нацрт извештајот и затоа формулациите по одредени состојби во иста форма остануваат и во Конечниот извештај, освен за точките 1, 3, 4 , 6 и 10 кои делумно или целосно се прифаќаат.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. _______________ ______________________________
2. ________________